Република Северна Македонија

Министерство за правда

# ИНФОРМАЦИЈА
# за примена на Законот за нотаријатот
# за 2020 година

**јуни 2021 година**

Изготвиле: Лидија Којчева-Раководител на одделение
Славица Велкоска-советник
Васко Неловски-помлад соработник

Контролирал: Владимир Јанковски
Помошник раководител на сектор

Согласен: Радица Лазареска-Геровска,
Државен советник

## 1. ВОВЕД

Информацијата за примена на Законот за нотаријатот за 2020 година, е изготвена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, и има за цел да ги презентира податоците за спроведување на Законот за нотаријатот за 2020 година од аспект на вршењето на редовната нотарска служба, односно вкупниот број на примени предмети од нотарите, финансиското работење на нотарите, наплатената судска такса, постапувањето на нотарите по оставинските предмети како повереници на судот, издавањето на нотарските платни налози, постапувањето по старите извршни предмети пренесени од судовите на нотарите по барање на доверителите, надлежноста да составуваат и потврдуваат задолжници согласно Законот за задолжница, бројот на именувани нотари и нотари на кои им престанала службата, податоци за бројот и ефектите од извршени редовни надзори и надзори по конкретни предмети на нотарите, поднесени предлози за поведување на дисциплински постапки против нотарите од страна на Министерот за правда како овластен предлагач, изречените дисциплинските мерки на нотарите кои сториле дисциплински повреди и соработката помеѓу Министерството за правда и Нотарската комора на Република Северна Македонија.

## 2. ЛЕГИСЛАТИВА

Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/96) за прв пат е донесен во Република Северна Македонија во 1996 година, а со примена започна на 1- ви октомври 1997 година. Како резултат на заложбите на Република Северна Македонија за следење на современите европски текови со цел за унапредување на нотаријатот, Законот за вршење на нотарските работи неколку пати беше изменуван и дополнуван, по што во 2007 година се донесе нов Закон за нотаријатот, чија имплементација предизвикува различно толкување кај нотарите и остави можност за различно постапување. Во 2016 година се донесе третиот Закон за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија” бр. 72/16 и 142/16), кој во декември 2018 година („Службен весник на РМ“ бр. 233/18), беше изменет согласно Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2021, а чија цел беше надминување на констатираните слабости кои произлегуваа од примената на законот.

Нотаријатот е востановен како самостојна, независна јавна служба во која се вршат работи од видот на јавни овластувања врз основа на закон по барање на граѓаните, државните органи, правните лица и други заинтересирани институции, кој позитивно се одрази врз целокупното функционирање на правниот систем, а особено влијаеше врз унапредувањето и зголемувањето на правната сигурност.

Од 01.07.2019 година, согласно Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија („Службен весник на РМ" бр. 226/16, 80/17 и 110/18), започна водењето на уписниците и имениците во електронска форма, според кој нотарите електронски ги вршат уписите во нотарските деловни книги (Општ деловен уписник, Уписник за заверки и потврди, Уписник за доверени работи, Уписник за нотарски платни налози), со исклучок на Уписникот за протести и Книгата за потписи, што е значителен исчекор напред во однос на дотогашното водење на нотарските деловни книги.

Воедно, од 1 јули 2019 година, Нотарската Комора започна со водење на регистар на тестаменти во електронска форма. Законската основа на овој регистар е пропишана со Законот за нотаријатот, а содржината, формата и начинот на уписот се уредени со Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија. Со воведувањето на оваа новина Република Северна Македонија се приклучи во редот на европските земји кои веќе години наназад го имаат овој регистар. Со регистарот на тестаменти што го води Нотарската комора, се овозможува елиминирање на евентуални можни спорови и заштита на правата на наследниците при водењето на оставинската постапка од страна на нотарите.

Согласно Законот за вонпарнична постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.9/08), нотарите постапуваат како повереници на судовите во однос на неспорните оставински предмети.

Со Законот за извршување ("Службен весник на РМ" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) беше реализиран трансферот на старите судски предмети поднесени врз основа на веродостојни исправи за кои судот има донесено неправосилни решенија, а воедно целосно беше пренесена надлежноста нотарите да донесуваат решенијата со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа.

Согласно одредбите на Законот за задолжница („Службен весник на РМ" бр.59/12 и 12/2014), нотарите се овластени да составуваат и заверуваат задолжници како потврдена приватна исправа со која должникот дава согласност, побарувањето на доверителот назначено во задолжницата присилно да се наплати од сите расположливи средства на должникот кај носителите на платниот промет.

## 3. РЕЗУЛТАТИ ОД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА НОТАРИЈАТОТ

Според одредбите на член 153 став (5) од Законот за нотаријатот, нотарот е должен најдоцна до 15 март секоја година да достави писмен извештај за неговото работење во претходната година, во кој го наведува вкупниот број на уписи, висината на наградата остварена во текот на работењето во таа година, висината на наплатената такса, износот на трошоците на работењето и износот на остварената добивка. Претседателот на Комората во наредните 15 дена доставува извештај за добиените податоци до Министерството.

Податоците користени и анализирани во оваа Информација се преземени од писмениот извештај на Нотарската комора на Република Северна Македонија, за 184 нотари, при што недостасуваат податоци за тројца нотари и тоа за трошоци во работењето и за остварената добивка од еден нотар од Тетово на кој во мај 2020 година му престана нотарската служба поради наврршување на 64 години, од еден нотар од Струмица недостасуваат податоци за наплатена судска такса и за трошоци во работењето на кој во април му престана нотарската служба поради наврршување на 64 години, а еден нотар од Скопје, на кој по негово барање му престана

нотарската служба во февруари 2021 година, не доставил податоци за финансиското работење за 2020 година.

### *3.1 Надлежност на нотарите да спроведуваат оставински постапки како доверена работа од судовите*

Во рамките на надлежноста на нотарите во својство на повереници на судот да постапуваат по оставинските предмети во кои што начинот на распределба на имотот е неспорен, во 2020 година вкупниот број на оставински предмети доверени од судовите на постапување на нотарите изнесува 15.419 предмети, од кои решени и правосилни се вкупно 9.149 оставински предмети или 59,3 % од доверените предмети од судовите.

За потребите на анализата изготвен е табеларен преглед за примени оставински предмети, решени оставински предмети во календарската 2018 година, 2019 година и 2020 година, и процентот на успешност на решавање на овие предмети по подрачјата на основните судови на кои се именувани нотарите.

**ТАБЕЛА 1:** Оставини

| | **ОСТАВИНИ** | **РЕШЕНИ ОСТАВИНИ** | **ОСТАВИНИ** | **РЕШЕНИ ОСТАВИНИ** | **ОСТАВИНИ** | **РЕШЕНИ ОСТАВИНИ** | **Процент на зголемување/ намалување решени оставински предмети споредбено 2019/2020** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПОДРАЧЈЕ** | **2018** | | **2019** | | **2020** | | |
| **Скопје** | 6478 | 3296 (51%) | 6187 | 3266 (52.7%) | **4953** | **2659 (53,6%)** | **-18,5%** |
| **Битола** | 1299 | 557 (43%) | 1425 | 694 (48,7%) | **1336** | **608 (45,5%)** | **-12,3%** |
| **Берово** | 184 | 73 (40%) | 194 | 80 (41,2%) | **207** | **71 (34,2%)** | **-11,2%** |
| **Велес** | 572 | 380 (66%) | 513 | 327 (63,7%) | **561** | **356 (63,4%)** | **8,8%** |
| **Виница** | 126 | 104 (83%) | 103 | 89 (86,4%) | **108** | **98 (90,7%)** | **10,1%** |
| **Гевгелија** | 341 | 179 (53%) | 350 | 224 (64%) | **290** | **195 (67,2%)** | **-12,9%** |
| **Гостивар** | 681 | 388 (57%) | 622 | 410 (65,9%) | **602** | **366** | **-10,7%** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | (60,7%) | |
| Дебар | 297 | 77 (26%) | 242 | 165 (68,1%) | 212 | 151 (71,2%) | -8,4% |
| Делчево | 157 | 110 (70%) | 180 | 137 (76,1%) | 155 | 119 (76,7%) | -13,1% |
| Кичево | 431 | 331 (77%) | 522 | 376 (72%) | 406 | 297 (73,1%) | -21% |
| Кочани | 357 | 273 (77%) | 363 | 275 (75,7%) | 281 | 211 (75%) | -23,2% |
| Куманово | 968 | 796 (82%) | 988 | 750 (75,9%) | 709 | 539 (76%) | -28,1% |
| Кратово | / | / | / | / | / | / | / |
| Кавадарци | 272 | 185 (68%) | 272 | 154 (56,6%) | 314 | 242 (77%) | 57,1% |
| Кр.Паланка | 354 | 45 (13%) | 283 | 36 (12,7%) | 321 | 68 (21,1%) | 88,8% |
| Крушево | 83 | 68 (82%) | 68 | 53 (77,9%) | / | / | / |
| Неготино | 144 | 56 (39%) | 297 | 179 (60,2%) | 241 | 142 (58,9%) | -20,6% |
| Охрид | 638 | 256 (40%) | 568 | 265 (46,6%) | 777 | 316 (40,6%) | -19,2% |
| Прилеп | 935 | 542 (58%) | 1518 | 1005 (66,2%) | 1210 | 691 (57,1%) | -31,2% |
| Радовиш | / | / | 33 | 30 (90,9%) | 172 | 146 (84,8%) | 4 пати |
| Ресен | 217 | 145 (67%) | 244 | 149 (61%) | 249 | 146 (58,6%) | -2% |
| Струга | 518 | 288 (56%) | 468 | 255 (54,4%) | 463 | 234 (50,5%) | -8,2% |
| Струмица | 673 | 445 (66%) | 638 | 429 (67,2%) | 411 | 280 (68,1%) | -34,7% |
| Св.Николе | 127 | 71 (56%) | 132 | 88 (66,6%) | 117 | 88 (75,2%) | 0% |
| Тетово | 1106 | 969 (88%) | 961 | 841 (87,5%) | 940 | 858 (91,2%) | 2% |
| Штип | 421 | 301 (72%) | 500 | 335 (67%) | 384 | 268 (69,7%) | -20% |
| ВКУПНО | 17379 | 9935 (57%) | 17671 | 10612 (60%) | 15419 | 9149 (59,3%) | -13,7% |

Анализирајќи ги податоците за бројот на вкупно примените оставински предмети во текот на 2020 година (15.419 предмети) со бројот на вкупно примените оставински предмети во календарската 2019 година (17.671 предмет), постои намалување на вкупно примените оставински предмети за 2.252 предмети, што изразено во проценти претставува намалување за 12,74%.

Анализирајќи го процентот на решените оставински предмети, од аспект на бројот на примените во текот на 2020 година, забележителен е незначителен пад на ефикасноста на нотарите. Имено, 59,3% од бројот на примените предмет, се решени, што претставува 0,7% пад во споредба со 2019 година, Забележителен е и номинален

пад на решените предмети во 2020 година за 1.463 предмети, односно 13,78% во споредба со 2019 година, кога вкупниот број на решени оставински предмети изнесувал 10.612 предмети.

Најмала ефикасност во решавањето на доверените оставински предмети во 2020 година и понатаму прикажуваат нотарите од подрачјето на Основниот суд во Крива Паланка со 21,1%, Берово со 34,2% и Охрид со 40,6% решени оставински предмети.

Најголема ефикасност во решавањето на доверните оставински предмети во 2020 година прикажале нотарите од подрачјето на Основниот суд во Тетово со 91,2%, потоа Виница со 90,7% и Радовиш со 84,8% решени оставински предмети.

Пораст на ефикасноста на нотарите во решавањето на оставинските предмети во 2020 година, споредбено со 2019 година е забележан на 6 подрачја од кои најголем раст има во Радовиш решение се четири пати повеќе предмети во споредба со претходната година, Крива Паланка со 88,8% и Кавадарци со 57,1%.

### *3.2 Надлежност на нотарите да постапуваат по старите извршни предмети од судовите.*

Од 01 јули 2011 година започна трансферот на старите извршни предмети од судовите кај овластените нотари, по барање на доверителите кои се произнеле дека сакаат предметот да им биде пренесен на понатамошно постапување кај одреден нотар, за што доверителите требаше да доставaт изјави до судовите најдоцна до 31.12.2011 година. Притоа нотарите имаа примарна задача да извршат достава на решенијата со кои се дозволува извршување до должникот и доколку нема приговор, нотарите ставаат клаузула на правосилност и извршност и се основ за присилно извршување преку извршител. Иако целокупниот процес требаше да заврши годините наназад, интересно е дека сеуште се јавуваат вакви предмети кај нотарите, па така за потребите на анализата изготвен е табеларен преглед за бројот на примени стари извршни предмети за календарската 2016 година, 2017 година, 2018 година и 2019 година, колку од нив станале правосилни и извршни, изразени и процентуално по подрачјата на основните судови на кои се именувани нотарите.

**ТАБЕЛА 2 :** стари извршни предмети

| Подрачја на нотарите | Примени стари извршни предмети | Правосилни и извршни (број и процент) | Примени стари извршни | Правосилни и извршни (број и процент) | Примени стари извршни предмети | Правосилни и извршни (број и процент) | Примени стари извршни предмети | Правосилни и извршни (број и процент) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | | 2018 | | 2019 | | 2020 | |
| Скопје | 73 | 66 (90%) | 89 | 30 (33,7%) | 1 | 1 | 0 | 0 |
| Битола | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Берово | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Велес | 64 | 25 ( 39%) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Виница | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Гевгелија | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Гостивар | | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Дебар | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Делчево | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кичево | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кочани | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Куманово | 761 | 67 (558%) | 9 | 1 (11,1%) | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Кратово | | | | | 0 | 0 | | |
| Кавадарци | | | 0 | 0 | | | 0 | 0 |
| Кр.Паланка | | | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Крушево | | | 0 | 0 | 0 | 0 | | |
| Неготино | 3 | / | 7 | 5 (71,4%) | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Охрид | 84 | 31 (193%) | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| Прилеп | 51 | / | 2 | 1 (50%) | 1 | 0 | 1 | 1 (100%) |
| Радовиш | | | | | 33 | 126 | 0 | 0 |
| Ресен | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Струга | 8 | 27(337%) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Струмица | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Св.Николе | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Тетово | 1 | 7(700%) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Штип | 35 | / | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | 1080 | 224 (20%) | 108 | 37(34,3%) | 36 | 127 | 3 | 1 (33,3%) |

Споредувајќи ги апсолутните бројки на стари извршни предмети за 2019 и 2020 година, забележителен е драстичен пад на бројот на предметите по овој основ во 2020 година. Па така во 2019 година од судовите кај нотарите биле трансферирани вкупно 36 предмети, во 2020 година оваа бројка изнесува само 3 предмети од кои само судот во Охрид трансферирал 2 предмети, а судот во Прилеп 1

предмет, што дава надеж дека најпосле овој процес на трансфер ќе заврши, после цели 9 години. Имено, следејќи ги бројките на старите извршни предмети евидентно е дека само нотарите на две подрачја на основните судови примиле во работа доверени извршни предмети, и тоа нотарите од Охрид и Прилеп, а нотарите од преостанатите подрачја на основните судови не примиле стари извршни предмети. Овие податоци се чини дека укажуваат на фактот дека процесот на трансферот на старите извршни предмети од судовите кај нотарите, најпосле завршува, цели 10 години од креирањето на законската основа за трансферот, и дека судовите во државата веќе целосно ги расчистија старите извршни предмети, примани заклучно со мај 2006 година.

Ако во 2019 година правосилни и извршни станале 127 предмети од примените предмети од претходните години, во 2020 година правосилни и извршни станале 1 предмет од вкупно примените предмети (3).

### *3.3 Надлежност на нотарите да донесуваат решенија за издавање на нотарски платен налог*

Примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16, 142/16 и 233/18 ), со кој воведе нотарскиот платен налог и се пропиша дека нотарите издаваат решенија за нотарски платен налог врз основа на веродостојни исправи, а судот во процесот се инволвира само по приговори против решенијата донесени од нотарите, при што постапуваат согласно одредбите на Законот за парничната постапка во постапка по приговор на платен налог.

За потребите на анализата изготвен е Табеларен преглед на број на примени предлози за издавање на решение за нотарски платен налог, колку од примените предмети се правосилни и извршни и процентот на решавање на примените предмети.

**ТАБЕЛА 3:** предлози врз основа на веродостојна исправа

| ПОДРАЧЈЕ | Предлози врз основа на веродостојна исправа | Правосилни и извршни решенија 2017 (во број и %) | Предлози за издавање на решение за нотарски платен налог | Правосилни и извршни решенија 2018 (во број и %) | Предлози за издавање на решение за нотарски платен налог | Правосилни и извршни решенија 2020 (во број и %) | Процент на зголемување/намалување правосилни извршни решенија споредбено 2019/2020 година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 | | 2019 | | 2020 | | |
| Скопје | 113906 | 23328 (20,5%) | 86247 | 32286 (37,4%) | **78636** | **33717 (42,8%)** | 4,4% |
| Битола | 6518 | 3023 (46,4%) | 6479 | 3931 (60,6%) | **3847** | **2818 (73,2%)** | -28,3% |
| Берово | 747 | 371 (49,7%) | 580 | 374 (64,4%) | **739** | **583 (78,8%)** | 55,8% |
| Велес | 4144 | 2153 (52%) | 4416 | 3131 (70,9%) | **5577** | **3100 (55,5%)** | -1% |
| Виница | 439 | 238 (54,2%) | 1112 | 433 (38,9%) | **517** | **430 (83,1%)** | -0,69% |
| Гевгелија | 3976 | 2551 (64,2%) | 3659 | 2582 (70,5%) | **3196** | **2450 (76,6%)** | -5.1% |
| Гостивар | 3171 | 1645 (51,9%) | 6229 | 2696 (43,2%) | **4504** | **2066 (45,8%)** | -23,3% |
| Дебар | 363 | 246 (67,8%) | 421 | 272 (64,6%) | **394** | **294 (74,6%)** | 8% |
| Делчево | 607 | 453 (74,6%) | 547 | 385 (70,3%) | **516** | **400 (77,5%)** | 3,8% |
| Кичево | 1381 | 665 (48,2%) | 1795 | 1304 (72,6%) | **1730** | **1114 (64,3%)** | -14,5% |
| Кочани | 4099 | 1620 (39,5%) | 6794 | 3391 (49,9%) | **3488** | **2298 (65,8%)** | -32,2% |
| Куманово | 8653 | 3205 (37%) | 8593 | 5537 (64,4%) | **5930** | **3725 (62,8%)** | -32,7% |
| Кратово | / | / | / | / | **/** | **/** | / |
| Кавадарци | 3289 | 1816 (55,2%) | 2562 | 1034 (40,3%) | **2826** | **1890 (66,8%)** | 82,7% |
| К.Паланка | 569 | 409 (71,9%) | 525 | 440 (83,8%) | **526** | **410 (77,9%)** | -6,8% |
| Крушево | 315 | 196 (62,2%) | 362 | 296 (81,7%) | **/** | **/** | / |
| Неготино | 1224 | 851 (69,5%) | 1212 | 1056 (87,1%) | **936** | **733 (78,3%)** | -30,5% |
| Охрид | 7320 | 2299 (31,4%) | 8433 | 3341 (39,6%) | 7118 | 1575 (22,1%) | -52,8% |
| Прилеп | 6046 | 3471 (57,4%) | 6585 | 4345 (65,9%) | 6515 | 5254 (80,6%) | 20,9% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Радовиш** | / | / | 228 | 117 (51,3%) | 1172 | 1142 (97,4%) | 9 пати |
| **Ресен** | 573 | 319 (55,7%) | 615 | 452 (73,49%) | 485 | 261 (53,8%) | -42,2% |
| **Струга** | 1729 | 917 (53%) | 1600 | 1243 (77,68%) | 1539 | 1249 (81,1%) | 0,4% |
| **Струмица** | 5261 | 3583 (68,1%) | 6459 | 4973 (76,9%) | 4856 | 3757 (77,3%) | -24,4% |
| **Св.Николе** | 894 | 663 (74,2%) | 843 | 540 (64%) | 897 | 867 (96,6%) | 60,5% |
| **Тетово** | 5150 | 3368 (65,4%) | 5585 | 3418 (61,1%) | 5945 | 3164 (53,2%) | -7,4% |
| **Штип** | 4307 | 2029 (47,1%) | 5062 | 3812 (75,3%) | 4410 | 3154 (71,5%) | -17,2% |
| **ВКУПНО** | 184681 | 59422 (32,2%) | 166943 | 81389 (48,75%) | 146299 | 76496 (52,2%) | -6% |

Забележан е пад на вкупниот број на примени предлози за издавање на решенија за нотарски платен налог кој во 2019 изнесувал 166.943 предмети, а во 2020 година 146.299 предмети, што преставува намалување за 20.644 предмети или за 12.3%. Притоа овој тренд на намалување се забележува во 15 подрачја на основните судови ( Битола, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Кичево, Кочани, Куманово, К.Паланка, Неготино, Охрид, Ресен, Струмица, Тетово и Штип) додека на останатите подрачја има зголемување на предметите.

Процентот на реализација на предметите, односно нивна правосилност и извршност во 2020 година е зголемен и изнесува 52,2%, но забележан е пад на номиналната бројка на правосилни предмети. Па така во 2020 година, правосилни станале 76.496 предмети, што е 6% пад во споредба со 2019 година, кога правосилни станале 81.389 предмети.

За подрачјето на Основниот суд во Кратово и Основниот суд во Крушево, нема податоци поради престанок на нотарската служба на нотарот во Кратово, во 2017 година, а на нотарот во Крушево во 2019 година.

### *3.4 Изготвени и потврдени задолжници*

Задолжницата како правен инструмент за обезбедување на паричните побарувања помеѓу правните субјекти беше воведена со донесување на Законот за

задолжница („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2012 и 12/2014 ) кој започна да се применува од 01.09.2012 година.

Интензитетот на примената на овој правен инструмент континуирано слабее, па споредувајќи ги податоците со 2019 година кога во Регистарот на задолжници немаше издадено нови задолжници, а избришани се две задолжници, во **Регистарот на** задолжници за 2020 година, нема издадено нови задолжници и нема избришано ниту една задолжница.. Веќе 3 години нананзад во Информациите на Министервото за правда се укажува на потребата за анализа на целисходноста на Законот за задолжници кој очигледно не заживеа во правниот промет на Република Северна Македонија, и негово целосно укинување.

### *3.5. Вкупен број на уписи во уписниците кои ги водат нотарите*

Според член 153 став (5) од Законот за нотаријатот („Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), нотарот е должен најдоцна до 15 март секоја година да достави финансиски писмен извештај за неговото работење во претходната година, во кој го наведува вкупниот број на уписи, висината на наградата остварена во текот на работењето во таа година, висината на наплатена такса, износот на трошоците на работењето и износот на остварената добивка. Претседателот на Комората во наредните 15 дена доставува извештај за добиените податоци до Министерството за правда.

Според добиените податоци од Нотарската комора од годишниот извештај за работењето на нотарите во 2020 година, 184 нотари доставиле писмен извештај за своето работење, а еден нотар на кој му престана нотарската служба во 2020 година и нотар на кој му престана нотарската служба во 2021 година не доставиле писмен извештај за своето работење за 2020 година.

Според податоците, во 2020 година нотарите на територијата на Република Северна Македонија извршиле вкупно 113.431 уписи во ОДУ уписниците (нотарски акти и солемнизации), 1.156.052 уписи во Уписниците за заверки и потврди (заверки на потписи, преписи, преводи), 149.062 упис во Уписникот за донесување на решенија врз основа на веродостојни исправи (нотарски платни налози), 16.097

уписи во Уписникот за доверени работи, 1 упис во Уписникот за протести и 8 уписи во Депозитната книга.

Притоа нотарите оствариле бруто нотарска награда во износ од 790.294.008,00 денари (12.746.677  ЕУР) и наплатиле судски такси во вкупен износ од 135.537.192,00 денари (2.186.083 ЕУР). Вкупниот износ на трошоци кој го прикажале нотарите во работењето во текот на 2020 година изнесува 494.577.785,00 денари (7.977.061 ЕУР), а вкупниот износ на остварена нето добивка изнесува 294.516.342,00,00 денари (4.750.263 ЕУР).

За потребите на анализата изготвен е табеларен преглед на вкупен број на уписи во Општиот деловен уписник ОДУ за 2018 година, за 2019 година и за 2020 година, како и анализа на вкупниот број на извршени уписи споредбено за 2019 година и 2020 година изразена во проценти, по подрачја на основните судови.

ТАБЕЛА 4 : Општ деловен уписник (ОДУ)

| **Подрачја на нотарите** | **Број на ОДУ предмети во 2018 година** | **Број на ОДУ предмети во 2019 година и Процент на згол./намал. на предмети споредбено 2018/2019** | **Број на ОДУ предмети во 2019 година и Процент на згол./намал. на предмети споредбено 2019/2020** |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 50310 | 48232 (-4.13%) | 48243 (0,02%) |
| **Битола** | 6790 | 6519 (-3.99%) | 5499 (-15,64%) |
| **Берово** | 1415 | 1408 (-0.49%) | 1207 (-14,27%) |
| **Велес** | 5095 | 4697 (-7.81%) | 3931 (-16,30%) |
| **Виница** | 935 | 918 (-1.81%) | 685 (-25,38%) |
| **Гевгелија** | 3466 | 3138 (-9.46%) | 2651 (-15,51%) |
| **Гостивар** | 10350 | 9653 (-6.73%) | 7291 (-24,46%) |
| **Дебар** | 1069 | 961 (-10.10%) | 552 (-42,55%) |
| **Делчево** | 2080 | 1673 -(19.56%) | 1402 (-16,19%) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Кичево** | 2173 | 2082 (-4.18%) | 1410 (-32,27%) |
| **Кочани** | 3133 | 3146 (0.41%) | 2521 (-19,86%) |
| **Куманово** | 11800 | 9104 (-22.84%) | 6710 (-26,29%) |
| **Кратово** | / | / | / |
| **Кавадарци** | 2512 | 2100 (-16.40%) | 1849 (-11,95%) |
| **Крива Паланка** | 1209 | 1047 (-13.39%) | 713 (-31,90%) |
| **Крушево** | 370 | 321 (-13.24%) | 110 (-65,73%) |
| **Неготино** | 1031 | 1054 (2.23%) | 843 (-20,01%) |
| **Охрид** | 3953 | 3916 (-0.93%) | 3450 (-11,89%) |
| **Прилеп** | 5979 | 5653 (-5.45%) | 5261 (-6,93%) |
| **Радовиш** | 52 | 191 (267.30%) | 987 (413,61%) |
| **Ресен** | 1702 | 1376 (-19.15%) | 1032 (-25%) |
| **Струга** | 3841 | 7563 (96.90%) | 2406 (-68,18%) |
| **Струмица** | 7999 | 6835 (-14.55%) | 4928 (-27,90%) |
| **Свети Николе** | 785 | 640 (-18.47%) | 500 (-21,87%) |
| **Тетово** | 8048 | 7646 (-4.99%) | 5856 (-23,41%) |
| **Штип** | 4995 | 4464 (-10.63%) | 3394 (-23,96%) |
| **ВКУПНО** | 141092 | 134337 (-4.78%) | 113431 (-15,56%) |

Од анализата на податоците за 2020 година споредбено со 2019 година, може да се констатира дека нотарите на територијата на Република Северна Македонија во текот на 2020 година споредбено со 2019 година, извршиле 20.906 помалку уписи во ОДУ уписниците (нотарските акти и солемнизации) или искажано во проценти 15,56% намалување. Падот на предметите е евидентен кај сите нотари на подрачјата на Основните судови во РСМ , освен нотарите за подрачјето на основите судови на градот Скопје и Основниот суд во Радовиш. Па така, најголемо зголемување на бројот на уписите во ОДУ уписникот прикажале нотарите за подрачјето на Основниот суд во Радовиш и тоа зголемување од 4 пати (нотар во Радовиш беше именуван во 2019 година, а до именувањето овие уписи беа прикажувани кај нотар од Струмица кој ја вршеше нотарската служба и за ова подрачје до именувањето на нотарот во 2019 година), додека за подрачјето на основните судови на градот Скопје само 0,02%.

За подрачјето на Основниот суд во Кратово, нема податоци поради престанок на нотарската служба на нотарот на ова подрачја.

За потребите на анализата изготвен е табеларен преглед на вкупен број на уписи во Уписникот за заверки и потврди за УЗП за 2018 година, за 2019 година и за 2020 година, како и анализа на вкупниот број на извршени уписи споредбено за 2019 година и 2020 година изразена во проценти (предмети кои се однесуваат на заверка на потписи, преписи и преводи).

Бројот на уписите во Уписниците за заверки и потврдите за 2020 година е намален за 177.060 уписи или за 13,28% помалку, во споредба со 2019 година.

Во 2020 година во споредба со 2019 година, намалување на бројот на извршените уписи „УЗП" е забележан кај речиси сите нотари со исклучок на нотарите за подрачјето на Основниот суд во Радовиш и Основниот суд во Крива Паланка.

Зголемување на бројот на уписи прикажале нотарите за подрачјето на Основниот суд во Радовиш за 596% и Крива Паланка за приближно два пати.

За подрачјето на Основниот суд во Кратово, нема податоци поради престанок на нотарската служба на нотарот на ова подрачја.

ТАБЕЛА 5 : Уписник за заверки и потврди-УЗП

| Подрачје на нотарите | Број на УЗП предмети во 2018 година | Број на УЗП предмети во 2019 година | Број на УЗП предмети во 2020 година |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | 594899 | 571034 (-4.01%) | 499994 (-12,44%) |
| **Битола** | 73134 | 73532 (0,54 %) | 64495 (-12,28%) |
| **Берово** | 6740 | 6916 (2,61%) | 5749 (-16,87%) |
| **Велес** | 35803 | 38144 (6,53%) | 30709 (-19,49%) |
| **Виница** | 7002 | 7306 (4,34%) | 5756 (-21,21%) |
| **Гевгелија** | 29968 | 28237 (-5,77%) | 22499 (-20,32%) |
| **Гостивар** | 52522 | 53855 (2,53%) | 43723 (-18,81%) |
| **Дебар** | 8634 | 8933(3,46%) | 6814 (-23,72%) |
| **Делчево** | 9419 | 10408 (10,50%) | 8560 (-17,75%) |
| **Кичево** | 28460 | 27543 (-3,22%) | 21891 (-20,52%) |
| **Кочани** | 23984 | 26987 (12,52%) | 23729 (-12,07%) |
| **Куманово** | 77758 | 72779(-6,40%) | 69388 (-4,65%) |
| **Кратово** | / | / | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Кавадарци** | 29690 | 26749 (-9,90%) | 22109 (-17,34%) |
| **Крива Паланка** | 16484 | 5545 (-66,36%) | 15731 (183,69%) |
| **Крушево** | 2181 | 2293 (5,13%) | 543 (-76,31%) |
| **Неготино** | 13026 | 12253 (-5,93%) | 10244 (-16,39%) |
| **Охрид** | 47359 | 45547 (-3,82%) | 38123 (-16,29%) |
| **Прилеп** | 53888 | 53922 (0,06%) | 45656 (-15,32%) |
| **Радовиш** | 477 | 1343 (181,55%) | 9351 (596,27%) |
| **Ресен** | 10040 | 10369(3,27%) | 8399 (-18,99%) |
| **Струга** | 30669 | 28252 (-7,88%) | 24877 (-11,94%) |
| **Струмица** | 54700 | 55545 (1,54%) | 39719 (-28,49%) |
| **Свети Николе** | 7615 | 7846 (3,03%) | 7814 (−0,40%) |
| **Тетово** | 107988 | 109833 (1,70%) | 91450 (-16,73%) |
| **Штип** | 44000 | 47941 (8,95%) | 38729 (-19,21%) |
| **ВКУПНО** | 1366440 | 1333112 (-2,43%) | 1156052 (-13,28%) |

### *4. Финансиска состојба на нотарите*

Во прилог на Информацијата прикажан е табеларен преглед (табела 6) за вкупните остварени приходи на нотарите по основ на нотарска награда, расходите на нотарите, нето добивката по одбивање на расходите, просекот по нотар од соодветно подрачје по прикажан приход и просекот по нотар по остварена нето добивка и тоа споредбено за 2019 и 2020 година.

Од анализата на доставените податоци може да се констатира дека во 2020 година во однос на 2019 година забележано е намалување на вкупните приходи на нотарите за 12,4% , расходите се намалени за 3,8 %, додека остварената добивка е намалена за 23,3%, што покажува дека во 2020 година обемот на работата на нотарите и покажаните и остварените резултати биле намалени.

#### 4.1. Вкупни приходи

Во 2020 година нотарите оствариле вкупно приходи во износ од 790.294.008,00 денари, што претставува намалување на вкупните приходи во однос на 2019 година кога вкупните приходи изнесувале 902.054,866,00 денари или намалување на приходот за 12,4 %.

Намалување на приходот е забележано скоро за сите подрачја, а најголем пад на приходите е забележан за подрачјето на Основниот суд во Крушево каде приходот е намален за 67,4%, а ова од причина што на тоа подрачје беше именуван само еден нотар на кого му престана службата по негово барање во месец март 2020 година. Намалување на приходите е забележано и за подрачјето на Основниот суд во Виница за 41,9%, на подрачјето на Основниот суд во Кочани каде приходот е намален за 22,6%, подрачјето на Основниот суд во Ресен каде приходот е намален за 21,6 %, на подрачјето на Основниот суд во Струмица за 21,6% и подрачјето на Основниот суд во Делчево за 21,2%, на подрачјето на Основниот суд во Велес за 20,7%, на подрачјето на Основниот суд во Кичево за 19,9%, на подрачјето на Основниот суд Крива Паланка 19,7% и на подрачјето на Основниот суд Кичево 18,8%.

Најголем пораст на бруто приход во 2020 година во однос на 2019 година е забележан на подрачјето на Основен суд Радовиш за 5 пати каде има само еден нотар и Основен суд Берово за 16,4% на кое подрачје има три нотари. Прикажаното зголемување на подрачјето на Основен суд Радовиш се должи на фактот што на ова подрачје подолго време не беше именуван нотар, па со отпочнувањето на вршењето на нотарската служба на ново именуваниот нотар, евидентиран е пораст на приходите.

## 4.2 Расходи

Вкупните расходи на ниво на нотаријат во 2020 година изнесуваат 494.577.785,00 денари и истите се намалени за 3,8 % во однос на 2019 година. Ако се разгледуваат расходите по подрачја на основните судови, зголемување на расходите е забележано на подрачјето на Радовиш за пати, Свети Николе за 71%, Берово за 23% Гостивар за 14% и Струга за 14%.

Намалување на расходите во 2020 година споредбено со 2019 година прикажале нотарите од Крушево 64 %, Кавадарци за 30,5%, Ресен за 14,4%, Тетово за 12,6%, Кочани за 11,7.

Воедно се забележува тренд на енормно зголемен процент на расходи кај поединечни нотари, кој надминува 90% од нивните реализирани приходи, а тоа е особено присутно во канцелариите со највисоко остварените приходи.

Министерството за правда смета дека е неопходно Управата за јавни приходи да направи соодветна анализа на податоците на нотарите искажани во нивните годишни сметки, бидејќи ваквите податоци ја извитоперуваат целокупната слика за финансиските ефекти од работењето на нотарите( приходи/добивка) што може да наведат кон креирање на погрешни политики во сферата на нотаријатот.

### 4.3. Добивка

Во 2020 година нотарите оствариле вкупна добивка од 294.516,342,00 денари што претставува намалување за 23,3 % во однос на 2019 година кога добивката изнесувала 384.133,212,00 денари.Притоа, трендот на пад на добивката во 2020 година споредено со 2019 година е евидентирано кај нотарите од Крушево за 74,6%, Крива Паланка за 66,7%, Неготино за 33,7%,

Во 2020 година во однос на 2019 година забележителен е пораст на просечната добивка по нотар на подрачјето на Радовиш за приближно 2 пати и Кавадарци за 36,9%.

Најголемите добивки во номинален износ се забележани на подрачјето на Скопје, а потоа следуваат Струмица, Охрид, Куманово, Кавадарци што е очекувано и одговара на големината на подрачјата и развиеноста на правниот промет на истите.

Поединечните анализи покажуваат дека за подрачјето на основните судови на градот Скопје, 1 нотар во Скопје има остварено добивка од над 10.000.000,00 денари, 2 нотари оствариле добивка над 8.000.000,00 денари, 2 нотари оствариле добивка над 7.000.000,00 денари, 4 нотари оствариле добивка од над 6.000.000,00 денари, а останатите нотари ја реализирале преостанатата добивка на подрачјето на основните судови на градот Скопје. Ова укажува на фактот дека постои огромна диспропорција во работата и добивката на нотарите за подрачјето на другите основни судови на територијата на РСМ и на нотарите за подрачјето на градот Скопје. Нотарите именувани на подрачјето на основните судови на градот Скопје во 2020 година имаат остварено добивка во вкупен износ од 154.760,342,00 денари додека вкупната остварена добивка на територијата на целата држава изнесува 294.516,342 денари што значи дека добивката на нотарите од Скопје изнесува 52,55%

од вкупната добивка на сите нотари од останатите подрачја на другите основни судови.

Во 2020 година вкупниот нето приход на нотарите е намален за 12,4 % , во однос на 2019 година, а исто така се забележува и пад на добивката за 23,3 %. Остварениот приход по нотар е намален за 9,5 % а остварената добивка по нотар е намалена за 20,8%. Оттука може да се заклучи дека во 2020 година генерално е намалена добивката и приходите на нотарите во однос на 2019 година, што секако се должи на пандемијата со вирусот Ковид 19 и намалениот обем и раст на економијата и стопанството во нашата држава.

Во прилог на Информацијата е и табела 7 во која се прикажани податоци за нотарите од соодветно подрачје на Основен суд за висината на остварениот вкупен приход и по прикажаните расходи колку од нотарите прикажале нето добивка до 1 милион денари, од 1 до 2 милиони денари, од 2 до 3 милиони денари, од 3 до 5 милиони денари и над 5 милиони денари.

Видно од податоците прикажани во табелата 7, вкупните приходи до 1 милион денари во 2019 година прикажале 9 нотари, а по истиот основ во 2020 година прикажале 10 нотари, односно нето добивка до 1 милион денари во 2019 година прикажале 87 нотари, а во 2020 година по истиот основ прикажале 94 нотари.

Вкупните приход од 1 до 2 милиони денари во 2019 година прикажале 30 нотари, а во 2019 година по истиот основ прикажале 36 нотари, односно нето добивка од 1 до 2 милиони во 2019 година прикажале 40 нотари, а по истиот основ во 2020 година прикажале 33 нотари.

Вкупните приход од 2 до 3 милиони во 2019 година прикажале 37 нотари, а по истиот основ во 2020 година 29 нотари односно нето добивка од 2 до 3 милиони во 2019 година прикажале 26 нотари, а по истиот основ во 2020 година прикажале 25 нотари.

Вкупен приход од 3 до 5 милиони во 2019 година прикажале 53 нотари, а по истиот основ во 2020 година прикажале 59 нотари односно нето добивка од 3 до 5 милиони во 2019 година прикажале 25 нотари, а по истиот основ во 2020 година прикажале 16 нотари.

Вкупен приход над 5 милиони во 2019 година прикажале 63 нотари, а по истиот основ во 2020 година 50 нотари односно нето добивка над 5 милиони во 2019 година прикажале 14 нотари, а по истиот основ во 2020 година прикажале 16 нотари.

*5. Именување, престанок на службата и надзор над работењето на нотарите*

Бројот на нотарите за подрачјата на основните судови е определен со Правилникот за бројот и распоредот на службените седишта и службените подрачја за кои се именуваат нотарите објавен во („Службен весник на Република Македонија„ бр.226/16) и според Правилникот, вкупниот број на нотарите во Република Македонија изнесува 228 нотари, а во моментов нотарската служба ја извршуваат 215 нотари, со кој се опфатени нотарите од Струмица, Куманово и Тетово на кои им престана нотарсктата служба поради навршени 64 години, како и двајца нотари на кои им престана нотарска служба по нивно барање во март и во август, а на еден нотар му мирува нотарската служба.

Во 2020 година нотарската служба ја вршеа 186 нотари од кои во текот на 2020 година на тројца нотари им престана службата нотар поради навршени 64 години возраст, а на двајца нотари им престана нотарската служба по нивно барање.

Во текот на 2019 година, распишани се и 38-миот и 39-тиот Конкурс за 35 нотарски места за 19 подрачја на Основните судови во Република Северна Македонија, при што во 2020 година по 38-миот Конкурс именувани се 20 нотари, од кои еден нотар за Подрачјето на Основниот суд во Битола доставил писмен

финснсиски извештај за своето работење, а по 39 конкурс именувани се 10 нотари или вкупно се именувани 30 нотари.

Во 2020 година, распишан е и 40 конкурс за именување на нотари и при тоа во текот на 2020 година именуван е само еден нотар за подрачјето на Основните судовн на градот Скопје, а за останатите нотарски места, нотарите се именувани во тековната 2021 година и тоа за подрачјето на Основниот суд во Тетово, за подрачјето на Основниот суд во Гостивар, за подрачјето на Основниот суд во Ресен, за подрачјето на Основниот суд во Прилеп и за подрачјето на Основниот суд во Битола.

Во нотарските канцеларии вкупно се вработени 629 лица од кои 65 во својство на помошник - нотар, 171 нотарски стручни соработници, 102 нотарски приправници, 23 нотарски приправници-волонтери и 268 административни службеници. Во споредба со изминатите години во 2020 година забележано е намалување на помошници нотари и на административните службеници, а зголемување на бројот нотарски стручни соработници, нотарски приправници нотарски приправници-волонтери.

### *6. Надзор над законитоста на работењето на нотарите*

Согласно Законот за нотаријатот, министерот за правда врши надзор над законитоста на работењето на нотарите како и надзор над законитоста и ефикасноста на работењето на Нотарската комора на Република Македонија.

Надзорот над работата на нотарите кој го врши Министерството за правда е во насока на воедначување и унифицирање во постапувањето на нотарите при вршењето на нотарската служба, а надзорот по конкретни предмети се врши по поднесени претставки против работењето на нотарите.

Редовниот надзор над работењето на нотарите го опфаќа надзорот над работата на нотарите во делот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, начинот на примање и чување на нотарските исправи и нивното издавање, уредноста на архивата на нотарот, формата, начинот на пишување и обележување на нотарските исправи на нотарите, елекронското водење на уписниците и имениците согласно Правилникот за видот, содржината, формата,

начинот на водењето и чувањето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија („Службен весник на РМ" бр. 226/16, 80/17 и 110/18), кој започна да се применува од 01.07.2029 година, како и целокупното работење на нотарите при вршењето на нотарската служба, освен во оставинските предмети каде надзор вршат судовите кои им ја довериле работата на нотарите.

Министерството за правда во 2020 година изврши вкупно 10 надзори, од кои 5 редовни надзори и 5 по поднесени претставки согласно Законот за постапување по претставки и предлози.

Ваквото намалување на бројот на редовни надзори, се должи на COVID мерките и препораките поради настанатата состојба во Република Северна Македонија.

Министерството за правда во 2020 година прими 30 претставки, од кои 25 претставки се завршени согласно **член 5 од Правилникот за начинот на вршење на надзор над законитоста на работењето на нотарот („Службен весник на Република Македонија" бр.75/19) односно со одговор до подносителите.**

Врз основа на состојбите констатирани во Извештаите од извршените надзори, министерството за правда како овластен предлагач согласно Законот за нотаријатот во 2020 година до Дисциплинскиот совет при Нотарската комора, согласно членот 134 став (1) и (4) од Законот за нотаријатот поднесе 4 предлози за поведување на дисциплинска постапка.

Претседателот на Нотарската комора во текот на 2020 година до Дисциплинскиот совет на Нотарската комора има поднесено 4 предлози.

Од овие предлози Дисциплинскиот совет на Нотарската комора во текот на 2020 година, разгледал 3 (три) предлози од кои 2 (два) од Министерството и 1 (еден) од Претседателот Нотарската комора, при што Дисциплинскиот совет ги донел следните дисциплински мерки:

-една парична казна

- една јавна опомена

- едно привремено одземање на право на вршење на нотарска служба во траење од 6 (шест) месеци, за кои е поведен Управен спор пред надлежен суд.

Дисциплинскиот совет на Нотарската комора во текот на 2020 година, постапувал и по 2 (два) предлози за поведување на дисциплинска постапка од предходната 2019 година поднесени од Министерството за правда, и донесени се две јавни опомени.

Дисциплинскиот совет на Нотарската комора во текот на 2020 година, сумирано од сите премети на одржаните седници разгледувал вкупно 5 предмети при што биле донесени следните дисциплински мерки:

- една парична казна
- три јавни опомени
- едно привремено одземање на право на вршење на нотарска служба во траење од 6 (шест) месеци за кои е поведен Управен спор пред надлежен суд.

Воедно во 2020 година во согласност со членот 136 став (1) и (2) точка д) од Законот за нотаријатот, а врз основа на судско решение за одредена мерка притвор на нотар, Дисциплинскиот совет донел решение за привремено одалечување од вршењето на нотарската служба. По укинувањето на притворот и престанокот на причините за привремено одалечување, во согласност со членот 136 став (3) од Законот за нотаријатот од страна на Дисциплинскиот совет донесено е решение со кое мерката привремено одалечување од вршење на нотарската служба се укинува.

## *7. Соработка на Министерството за правда и Нотарската комора на Република Македонија*

Министерството за правда има постојана соработка со Нотарската комора на Република Северна Македонија, се со цел да се придонесе во развојот и унапредувањето на нотаријатот во Република Северна Македонија.

Табела.6

| Подрачје | Бруто приходи | Расходи | Бруто приходи | Расходи | Бруто Приходи | Расходи | Вкупно нето приход (ДОБИВКА) | | | Просек по нотар по вкупен приход | Просек по нотар по добивка | Просек по нотар по вкупен приход | Просек по нотар по добивка | Просек по нотар по вкупен приход | Просек по нотар по добивка | % на зголемување/ намалување на бруто приход | % на зголемување /намалување на расход | % на зголемување/ намалување на добивка | % на зголемување /намалување на просек по нотар по вкупен приход | % на зголемување /намалување на просек по нотар по вкупна добивка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 | | 2019 | | 2020 | | 2018 | 2019 | 2020 | 2018 | | 2019 | | 2020 | | 2019/2020 | 2019/2020 | 2019/2020 | 2019/2020 | 2019/2020 |
| Скопје | 435,428,703 | 243,051,499 | 432,254,367 | 249,193,167 | 386,652,074 | 231,891,732 | 192,429,725 | 182,929,195 | 154,760,342 | 6,498,935 | 2,872,085 | 6,549,308 | 2,771,654 | 6,071,438 | 2,418,130 | -10.5 | -6.9 | -15.4 | -7.3 | -12.8 |
| Битола | 49,355,696 | 24,729,120 | 50,278,069 | 24,838,537 | 45,641,592 | 25,810,337 | 24,626,576 | 25,439,514 | 19,831,255 | 4,112,794 | 2,052,214 | 4,570,733 | 2,312,683 | 4,564,159 | 1,983,125 | -9.2 | 3.9 | -22.0 | -0.1 | -14.3 |
| Берово | 4,685,518 | 2,956,363 | 4,388,770 | 3,081,628 | 5,108,097 | 3,789,549 | 1,729,155 | 1,307,142 | 1,318,548 | 1,561,839 | 576,385 | 1,462,923 | 435,714 | 1,702,699 | 439,516 | 16.4 | 23.0 | 0.9 | 16.4 | 0.9 |
| Велес | 23,291,615 | 11,244,114 | 23,464,606 | 12,745,210 | 18,615,033 | 11,472,338 | 12,047,501 | 10,719,396 | 7,142,695 | 3,327,373 | 1,721,071 | 3,352,086 | 1,531,342 | 6,520,227 | 1,020,385 | -20.7 | -10.0 | -33.4 | 94.5 | -33.4 |
| Виница | 3,925,022 | 2,035,803 | 5,359,139 | 3,251,407 | 3,111,491 | 3,085,491 | 1,889,219 | 2,107,732 | 26,000 | 3,925,022 | 1,889,219 | 5,359,139 | 2,107,732 | 3,111,491 | 26,000 | -41.9 | -5.1 | -98.8 | -41.9 | |
| Гевгелија | 22,583,909 | 14,977,192 | 21,449,916 | 13,864,066 | 19,448,076 | 12,825,443 | 7,606,717 | 7,585,850 | 6,622,633 | 3,763,984 | 1,267,786 | 3,574,986 | 1,264,308 | 3,241,346 | 1,103,772 | -9.3 | -7.5 | -12.7 | -9.3 | -12.7 |
| Гостивар | 33,068,454 | 25,154,672 | 33,634,875 | 19,958,452 | 29,451,696 | 22,769,771 | 7,904,782 | 10,191,211 | 6,681,925 | 3,306,845 | 790,478 | 3,737,208 | 1,132,356 | 3,272,410 | 742,436 | -12.4 | 14.1 | -34.4 | -12.4 | -34.4 |
| Дебар | 3,944,028 | 1,993,273 | 4,314,650 | 2,150,723 | 3,542,967 | 2,055,434 | 1,951,059 | 2,163,927 | 1,487,533 | 1,972,014 | 975,529 | 4,314,650 | 2,163,927 | 3,542,967 | 1,487,533 | -17.9 | -4.4 | -31.3 | -17.9 | -31.3 |
| Делчево | 5,050,742 | 2,645,639 | 5,611,783 | 3,180,895 | 4,424,133 | 3,278,035 | 2,341,989 | 2,430,888 | 1,146,098 | 1,683,358 | 780,663 | 2,805,891 | 1,215,444 | 2,212,066 | 1,146,098 | -21.2 | 3.1 | -52.9 | -21.2 | -5.7 |
| Кичево | 12,821,802 | 9,078,615 | 11,517,600 | 5,895,666 | 9,222,633 | 6,039,340 | 4,331,503 | 5,651,934 | 3,183,293 | 2,564,360 | 866,300 | 2,303,520 | 1,130,386 | 2,305,658 | 795,823 | -19.9 | 2.4 | -43.7 | 0.1 | -29.6 |
| Кочани | 15,621,358 | 7,268,676 | 17,237,244 | 8,089,594 | 13,339,260 | 7,142,354 | 8,352,682 | 9,147,650 | 6,196,906 | 3,905,339 | 2,088,170 | 5,754,748 | 3,049,216 | 4,446,420 | 2,065,635 | -22.6 | -11.7 | -32.3 | -22.7 | -32.3 |
| Куманово | 45,611,297 | 29,686,198 | 42,072,355 | 24,888,093 | 36,478,192 | 24,422,236 | 15,925,096 | 17,187,542 | 12,055,956 | 3,800,941 | 1,327,091 | 3,506,029 | 1,432,295 | 3,039,849 | 1,004,663 | -13.3 | -1.9 | -29.9 | -13.3 | -29.9 |
| Кратово | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | o | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Кавадарци | 18,691,096 | 7,475,461 | 17,501,305 | 8,126,214 | 14,203,450 | 5,645,830 | 11,215,635 | 9,375,091 | 8,577,620 | 3,528,858 | 3,738,545 | 5,833,768 | 3,125,030 | 7,101,725 | 4,278,810 | -18.8 | -30.5 | -8.5 | 21.7 | 36.9 |
| Крива Паланка | 6,075,453 | 3,737,761 | 5,826,628 | 3,853,630 | 4,678,532 | 4,022,082 | 2,337,692 | 1,972,998 | 656,450 | 3,037,726 | 1,168,846 | 2,913,314 | 986,499 | 2,339,266 | 312,725 | -19.7 | 4.4 | -66.7 | -19.7 | -68.3 |
| Крушево | 2,050,185 | 1,161,794 | 1,460,150 | 1,006,457 | 476,309 | 361,243 | 888,391 | 453,693 | 115,066 | 2,050,185 | 888,391 | 1,460,150 | 453,693 | 476,309 | 115,066 | -67.4 | -64.1 | -74.6 | -67.4 | -74.6 |
| Неготино | 9,096,399 | 3,098,630 | 8,803,788 | 4,570,495 | 7,401,709 | 4,594,885 | 5,997,769 | 4,233,293 | 2,806,824 | 4,548,199 | 2,998,884 | 4,401,894 | 2,116,646 | 3,700,854 | 1,403,412 | -15.9 | 0.5 | -33.7 | -15.9 | -33.7 |
| Охрид | 31,779,028 | 19,880,309 | 31,909,485 | 18,134,311 | 27,535,636 | 18,108,126 | 11,899,168 | 13,775,174 | 9,427,510 | 3,972,378 | 1,487,396 | 3,988,685 | 1,721,896 | 3,933,662 | 1,346,787 | -13.7 | -0.1 | -31.6 | -1.4 | -21.8 |
| Прилеп | 29,708,271 | 15,058,049 | 31,073,397 | 16,999,589 | 28,056,553 | 16,016,119 | 14,692,139 | 14,073,778 | 12,040,434 | 4,951,378 | 2,448,689 | 5,178,899 | 2,345,629 | 4,676,092 | 2,006,739 | -9.7 | -5.8 | -14.4 | -9.7 | -14.4 |
| Радовиш | 421,369 | 150,000 | 864,670 | 359,681 | 5,695,513 | 4,361,886 | 250,000 | 504,989 | 1,333,627 | 421,369 | 250,000 | 864,670 | 504,989 | 5,695,513 | 1,333,627 | 558.7 | 1112.7 | 164.1 | 558.7 | 164.1 |
| Ресен | 6,851,449 | 5,559,641 | 5,989,789 | 4,844,414 | 4,693,176 | 4,146,839 | 1,291,808 | 1,145,357 | 546,337 | 3,425,724 | 645,904 | 2,994,894 | 572,687 | 2,346,923 | 273,168 | -21.6 | -14.4 | -52.3 | -21.6 | -52.3 |
| Струга | 21,376,770 | 13,664,977 | 21,761,411 | 13,343,452 | 17,720,605 | 15,128,405 | 7,711,793 | 8,417,966 | 2,592,200 | 3,053,824 | 1,101,648 | 3,108,773 | 1,202,566 | 2,531,515 | 370,314 | -18.6 | 13.4 | -69.2 | -18.6 | -69.2 |
| Струмица | 38,303,565 | 19,216,173 | 38,819,129 | 19,623,264 | 30,439,738 | 19,326,515 | 19,087,392 | 19,195,865 | 11,113,223 | 4,787,945 | 2,385,924 | 4,852,391 | 2,399,483 | 3,804,967 | 1,389,152 | -21.6 | -1.5 | -42.1 | -21.6 | -42.1 |
| Свети Николе | 5,814,116 | 1,165,703 | 5,173,161 | 1,204,194 | 4,389,847 | 2,061,346 | 4,648,413 | 3,968,967 | 2,328,501 | 5,814,116 | 4,648,413 | 5,173,161 | 3,968,967 | 4,839,847 | 2,328,501 | -15.1 | 71.2 | -41.3 | -6.4 | -41.3 |
| Тетово | 53,715,652 | 34,422,280 | 53,523,172 | 35,235,889 | 45,357,943 | 30,783,467 | 19,557,897 | 18,287,263 | 13,374,595 | 3,581,043 | 1,303,859 | 3,568,211 | 1,219,150 | 3,489,072 | 1,028,815 | -15.3 | -12.6 | -26.9 | -2.2 | -15.6 |
| Штип | 28,914,319 | 17,021,113 | 27,765,407 | 15,898,628 | 24,609,753 | 15,438,982 | 11,896,206 | 11,866,779 | 9,170,771 | 2,891,431 | 1,189,620 | 2,776,540 | 1,186,677 | 2,460,975 | 917,077 | -11.4 | -2.9 | -22.7 | -11.4 | -22.7 |
| Вкупно | 908,185,816 | 516,433,055 | 902,054,866 | 514,337,656 | 790,294,008 | 494,577,785 | 392,610,307 | 384,133,212 | 294,516,342 | 4,586,797 | 1,982,880 | 4,747,657 | 2,021,753 | 4,295,076 | 1,600,632 | -12.4 | -3.8 | -23.3 | -9.5 | -20.8 |

Табела: 7

| Подрачје на нотар | Вкупен приход до 1 милион ден. | | | Вкупен приход од 1 до 2 милиони ден. | | | Вкупен приход од 2 до 3 милиони ден. | | | Вкупен приход од 3-5 милиони ден. | | | Вкупен приход над 5 милиони ден. | | | Добивка до 1 милион ден.по прикажани трошоци | | | Добивка од 1 до 2 милиони ден. По прикажани трошоци | | | Добивка од 2 до 3 милиони ден.по прикажани трошоци | | | Добивка од 3-5 милиони ден.по прикажани трошоци | | | Добивка над 5 милиони ден.по прикажани трошоци | | | Број на нотари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2018 | 2019 | **2020** | 2018 | 2019 | **2020** | 2018 | 2019 | **2020** | 2018 | 2019 | **2020** | 2018 | 2019 | **2020** | 2018 | 2019 | **2020** | 2018 | 2019 | **2020** | 2018 | 2019 | **2020** | 2018 | 2019 | **2020** | 2018 | 2019 | **2020** | |
| Скопје | 4 | 4 | **6** | 4 | 5 | **4** | 10 | 11 | **7** | 17 | 14 | **18** | 32 | 32 | **29** | 19 | 26 | **29** | 19 | 14 | **10** | 6 | 4 | **5** | 12 | 11 | **9** | 11 | 11 | **11** | **64** |
| Битола | 1 | 1 | **1** | 1 | | | 2 | 2 | | 5 | 3 | **5** | 3 | 5 | **4** | 2 | 1 | **3** | 5 | 4 | **2** | 3 | 3 | **4** | 1 | 3 | | 1 | | **1** | **10** |
| Берово | 1 | | | 1 | 3 | **3** | 1 | | | | | | | | | 3 | 3 | | | | | | | | | | | | | **3** | **3** |
| Велес | | | | 2 | 1 | **2** | 1 | 2 | **1** | 4 | 3 | **4** | | 1 | | 2 | 3 | **4** | 2 | 2 | **3** | 2 | 2 | | 1 | | | | | | **7** |
| Виница | | | | - | | | | | | 1 | | **1** | | 1 | | | | **1** | 1 | | | | 1 | | | | | | | | **1** |
| Гевгелија | | | | | | **1** | 3 | 3 | **3** | 1 | 2 | **1** | 2 | 1 | **1** | 3 | 5 | **4** | 1 | | | 1 | | **1** | 1 | 1 | **1** | | | | **6** |
| Гостивар | 1 | | **1** | 2 | 2 | **2** | 2 | 2 | **2** | 3 | 4 | **3** | 2 | 1 | **1** | 7 | 4 | **7** | 3 | 4 | | | 1 | **2** | | | | | | | **9** |
| Дебар | 1 | | | | | | | | | 1 | 1 | **1** | | | | 1 | | | 1 | | **1** | | 1 | | | | | | | | **1** |
| Делчево | 1 | | | 1 | 1 | **1** | | | **1** | 1 | 1 | | | | | 2 | 1 | **2** | 1 | 1 | | | | | | | | | | | **2** |
| Кичево | | 1 | | 3 | 2 | **2** | | | **1** | 2 | 1 | **1** | | 1 | | 3 | 3 | **3** | 1 | 1 | | 1 | | **1** | | 1 | | | | | **4** |
| Кочани | 1 | | | | | | | | | 2 | 1 | **2** | 1 | 2 | **1** | 2 | | **1** | | 1 | | 1 | 1 | **2** | | 1 | | 1 | | | **3** |
| Куманово | | | | 2 | 1 | **5** | 5 | 6 | **2** | 1 | 3 | **4** | 4 | 2 | **1** | 6 | 6 | **7** | 3 | 3 | **4** | 2 | 2 | | 1 | 1 | **1** | | | | **12** |
| Кратово | | | | | | | | | | | | | | | | | | | - | | | | | | | | | | | | |
| Кавадарци | | | | | | | | | | | 1 | | 3 | 2 | **2** | | 1 | | - | | | 2 | 1 | **1** | | | | 1 | 1 | **1** | **2** |
| К.Паланка | | | | 1 | 1 | **1** | | | | 1 | 1 | **1** | | | | 1 | 1 | **2** | 1 | 1 | | | | | | | | | | | **2** |
| Крушево | | | **1** | | 1 | | 1 | | | | | | | | | 1 | 1 | **1** | | | | | | | | | | | | | **1** |
| Неготино | | | | | | | | | | 1 | 2 | **2** | 1 | | | | | | | | **2** | 1 | 2 | | 1 | | | | | | **2** |
| Охрид | | | | 1 | 1 | **1** | 2 | 2 | **1** | 3 | 3 | **4** | 2 | 2 | **1** | 4 | 5 | **3** | 1 | 1 | **3** | 1 | 1 | | 2 | | **1** | | 1 | | **7** |
| Прилеп | | | | 1 | 1 | **1** | | | **1** | 3 | 3 | **2** | 2 | 2 | **2** | 1 | 1 | **1** | - | 2 | **2** | 3 | 1 | **2** | 2 | 2 | **1** | | | | **6** |
| Радовиш | 1 | 1 | | | | | | | | | | | | | **1** | 1 | 1 | | | | **1** | | | | | | | | | | **1** |
| Ресен | | | | | | **1** | 1 | 1 | | 1 | 1 | **1** | | | | 2 | 2 | **2** | | | | | | | | | | | | | **2** |
| Струга | 1 | | | 2 | 2 | **3** | 1 | 1 | **3** | 2 | 3 | | 1 | 1 | **1** | 3 | 4 | **7** | 3 | 1 | | 1 | 2 | | | | | | | | **7** |
| Струмица | | | **1** | 2 | 3 | **1** | 1 | | **1** | 2 | 1 | **2** | 3 | 4 | **3** | 1 | 4 | **5** | 1 | 1 | | 5 | | **1** | 1 | 2 | **2** | | 1 | | **8** |
| Св.Николе | | | | | | | | | | | | **1** | 1 | 1 | | | | | | | | | | **1** | 1 | 1 | | | | | **1** |
| Тетово | 2 | 2 | | 2 | 3 | **4** | 4 | 3 | **3** | 3 | 3 | **5** | 4 | 4 | **2** | 8 | 9 | **6** | 4 | 2 | **3** | 2 | 2 | **4** | 1 | 2 | | | | | **13** |
| Штип | | | | 2 | 3 | **4** | 5 | 4 | **4** | 2 | 2 | **1** | 1 | 1 | **1** | 5 | 6 | **7** | 3 | 2 | **2** | 2 | 2 | **1** | - | | **1** | | | | **10** |
| **ВКУПНО** | 14 | 9 | **10** | 27 | 30 | **36** | 39 | 37 | **29** | 56 | 53 | **59** | 62 | 63 | **50-184** | 77 | 87 | **94** | 50 | 40 | **33** | 33 | 26 | **25** | 24 | 25 | **16** | 14 | 14 | **16** | **184** |